Број:01-
26 Февруари 2015
Скопје

Врз основа на членот 109 од Законот за градење (Сл. весник бр. 70/2013-пречистен текст, 79/2013, 163/13, 27/14, 28/14 42/14, 115/14, 149/14, 187/14 и 44/2015) и член 12 точка 1 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, Собранието на Комората 26.2.2015 година донесе

# СТАТУТАРНА ОДЛУКА

за измена и дополнување на Статутот на Комората

Член 1

Со оваа Статутарна одлука се вршат измени и дополнувања на Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија, согласно одлуката на Собранието на Комората.

Измените се следни:

- Член 6, точка 2 од ставот (2) пред зборовите: ‘*се грижи*’ да се додадат заборовите ‘*преку своите професионални одделенија за континуираниот професионален развој*’

- Во член 58, ставот (2) по четвртата алинеа се додаваат следниве две алинеи:
  - *домашни и странски фондови и проектни финансирања;*
  - *реклами во списанието на Комората Пресинг*

- Членот 43 и членовите од 45 до 51 од глава *VI. ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА* се бришат.

- Во член 12, точка 14, текстот “*Донесува правилник за постојано стручно усовршување*” се менува со ”*Донесува Правилник за континуиран професионален развој*”.

- Во член 15, точка 20, текстот “*Ја утврдува програмата за постојано стручно усовршување на архитектите и инженерите и го контролира нејзиното спроведување*” се менува со “*Предлага правилник за континуиран професионален развој и ја утврдува програмата за постојано стручно усовршување на архитектите и инженерите и ја следи нејзината реализација*”

Член 2

Оваа Статутарна одлука влегува во сила во рок од осум дена од денот на нејзоното донесување освен бришењето на членовите 43 и 45-51. Бришењето на овие одредби ќе стапи на сила на 1 Јули 2015, до кога

Управниот одбор на Комората треба да го донесе новиот правилник за работа на дисциплинската комисија.

Член 3

Се задолжува стручната служба да изработи пречистен текст на Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија

Член 4

Статутарна одлука да се достави до членовите на Собранието на Комората и стручните служби.

Претседавач на Собранието
Реџеп Асани